**оригинален научен труд**
**UDK:398.33(497.17):355**

# ПРАЗНИКОТ КСАНТИКА КАЈ АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ

**Катерина Младеновска-Ристовска**
*Институт за национална историја*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Key words:** Ksanthika, rite of lustration, Macedonian army, dog sacrifice

**Summary:** Ksanthika was a celebration of the army of the ancient Macedonians which was celebrated in ancient times. It was held in the spring, in the sixth month of the calendar of the ancient Macedonians Xandikos or March, according to our modern calendar. It functioned as a solemn rite of lustration. In essence it was a kind of a magical ritual purification of the army led by the King, in a particularly festive atmosphere, where the army passed between two halves of a sacrificed dog. In the parade, during the purification, the King was accompanied by the family, the hetairoi and the Macedonian army. After this an unusual mimetic game of fighting between the two warring sides followed. The text is an attempt to reconstruct the ancient Macedonian rite for which the data in the historical sources are few and fragmentary, on the one hand, but on the other hand inspirational for analysis and assumptions about the nature and meaning of this celebration and the customs tied to it.

**Клучни зборови:** Ксантика, обред на лустрација, македонска војска, кучешка жртва

**Резиме:** Ксантика бил празник на војската на античките Македонци, кој се прославувал уште од најстаро време. Се одржувал на пролет, во шестиот месец од календарот на античките Македонци *Ксандик* (*Xandikos*), или денешен март, според нашиот современ календар. Имал функција на свечен обред на лустрација. Во својата суштина, тој претставувал своевидно ритуално магиско прочистување на војската предводена од кралот, во особено свечена атмосфера, при што таа поминувала помеѓу две половини од жртвувано куче. Во парадата, за време на пурификацијата (прочистувањето), кралот бил придружуван од семејството, хетајрите и македонската војска. По ова, следела

една необична миметичка игра на борба помеѓу две завојувани страни. Текстот претставува обид за реконструкција на овој древен македонски обред за кој податоците во историските извори се малобројни и фрагментарни, од една страна, но од друга страна, инспиративни за анализа и за претпоставки за суштината и значењето на овој празник и на обичаите врзани за него.

Секоја реконструкција на религијата на античките Македонци е тешка и сложена задача, пред сѐ, поради малобројните, скудни и фрагментарни податоци во историските извори. Слична е моменталната состојба и со материјалните извори која има надеж да се подобри со нови археолошки ископувања. Задачата уште повеќе ја усложнува и фактот што античките Македонци немале своја писменост и сѐ што дознаваме за нив е од делата на хеленските и римските автори, на хеленски и латински јазик. Тие се сложени за расчитување, бидејќи неретко се преписи од втора или трета рака. Припаѓаат на различни временски периоди, многу од нив се подоцнежни од настаните кои ги опишуваат, па оттука обременети со хронолошки како и со текстуални аномалии. Но сепак, најголем проблем од сѐ претставува т.н. interperatio Graeca и interpratio Romana, односно хеленското и римското толкување на изворните податоци. Во изворите, ретко се среќаваат имињата на македонските божества и херои, бидејќи хеленските и римските автори ги предаваат со нивните еквиваленти, употребувајќи своја соодветна терминологија за македонските митови, култови и верувања, кои се предмет на нивниот интерес. Сето тоа ги отежнува, во голема мера, интерпретацијата и целосната реконструкција на религијата на античките Македонци.

Имајќи ги превид овие тешко премостливи препреки во истражувањето, во овој текст ќе се обидеме да ги одгатнеме суштината и значењето на еден многу значаен празник кај античките Македонци, празникот Ксантика, како и обичаите и верувањата врзани за него.

* * *

За празникот Ксантика има многу малку податоци во историските извори, а малобројни се и истражувањата на оваа тема во македонската и светската историографија.

Ксантика бил празник на војската на античките Македонци, што се прославувал уште од најстаро време. Се одржувал на пролет, во шестиот месец од календарот на античките Македонци *Ксандик*

(*Xandikos*) или денешен март според нашиот современ календар.[1] Имал функција на свечен обред на лустрација. Неговата суштина претставувала своевидно ритуално магиско прочистување на војската, предводена од кралот, во особено свечена атмосфера, при што таа поминувала помеѓу две половини од жртвувано куче. Во парадата, за време на пурификацијата (прочистувањето), кралот бил придружуван од семејството, хетајрите и македонската војска. По ова, следела една необична миметичка игра на божемна борба помеѓу две завојувани страни.

Празникот Ксантика се спомнува на неколку места во античките извори. Неговото име е забележано од страна на александрискиот лексикограф Хесихиј како една од македонските глоси. Тој пишува:

*„Ксандика": празник на Македонците што се слави во месецот Ксантик или Ксандик. Тој претставува прочистување на војската* (Hes., s.v. Ξανθικά).

Краток опис на празникот среќаваме и во познатата *Историја на Александар Македонски*, од римскиот историчар Квинт Куртиј Руф, за обредот извршен по смртта на Александар III Македонски, во 323-тата г. пр. н.е. Тој наведува:

*Според татковинскиот обичај, требало да се изврши смотра на војската. Се чинело дека оправдана причина за тоа е неслогата. Македонските кралеви имале обичај да вршат проверка на војската така што на крајот од полето, каде што е построена војската, од двете страни фрлаат утроба на раскината кучка и на тоа место стојат сите вооружени војници: овде коњицата, онде фалангата* (Curt. X, 9, 11-12; Куртиј Руф, 1998: 437).

Според податокот на Суида, зачуван во делото *Општа историја*, на римскиот историчар Полибиј:

*Македонците му принесуваат жртви на Ксантос и прават ритуално прочистување на војската со вооружени коњаници* (Polyb. XIII, 10, 17).

Најдетален опис, пак, на овој обред, изведен во 182 год. пр. н.е., среќаваме кај римскиот историчар Тит Ливиј:

---

[1] Македонската година започнувала со месец октомври според современиот календар, т.е. со есенската рамноденица, а завршувала следната година со денешниот септември. Во изворите се зачувани имињата на сите дванаесет месеци од македонскиот календар: dios, apellaios, audonaios, peritios, dystros, ksandicos, artemisios, daisios, panamos, loios, gorpiaios, yperberetaios (Поопширно в.: Проева, 2014: 207-209).

*Дојде времето за осветување на војската, чијшто обичај се прави на следниов начин: главата и предниот дел на едно куче пресечени на половина се ставаат од десната, а задниот дел со утробата од левата страна на патот. Тогаш вооружената војска се води помеѓу на тој начин поделената жртва. Најнапред се носи целото, блескаво оружје на македонските кралеви, почнувајќи со најстарото, потоа оди кралот лично со неговите деца, веднаш по нив оди кралската гарда и телохранителите, најпосле другиот, борен дел на македонската војска ја затвора поворката. Двајцата принцови јавале од едната и другата страна на таткото. Персеј имал триесет години, а Деметриј бил пет години помлад. Првиот на почетокот на зрелото доба, вториот во цветот на младоста. Таткото ќе беше среќен со неговото зрело потомство единствено ако беше мудар и разумен. Кога обредот ќе завршел, било обичај војската да вежба и откако ќе се подели на два дела, да започне лажна битка. Двајцата принцови биле назначени за водачи во оваа миметичка борба...* (Liv. 40, 6).

* * *

Тешко е целосно да се навлезе во суштината на празникот Ксантика, бидејќи претходнонаведените спомнувања се речиси и единствени во наративните извори. Најнапред, очигледно е дека станува збор за магиски ритуал на прочистување пред битка, кој би требало да значи меѓусебно покајување и простување, што водело кон помирување, војничко збратимување, единство и слога, во прилог на зацврстување на моралните квалитети и ефектите на јачината на војската. Но подоцна обичајот придобил и обележја на севозможно прочистување, од гревови до болести, од лоши постапки и лоши намери, до заштита од лоши духови и покајанија за сторени престапи и злодела. Од лустративен карактер, постепено, обредот придобивал сè повеќе апотропејски обележја.

Според некои истражувачи, во почетокот, обредот се вршел пред тргнување на војската во некоја битка, а потоа само еднаш годишно, напролет, кога обично ги започнувале или планирале наредните можни војувања. Има претпоставка дека празникот секоја година се одржувал во различен град. Празнувањето од 182 год., што го опишува Ливиј, веројатно се одржало во Пела (Liv. 40, 6, 1-7), а она од 171 год., што се одржало во Елимеја, веројатно, во Ајана (Liv. 43, 21, 5) (Hatzopoulos, 1996: 290, ф. 1).

Според податоците на Куртиј Руф, станува збор за древен „татковински обичај“, а смотрата, односно лустрацијата на војската, ја предводел кралот. Освен воено-политичката и судската функција,

односно обврската да ја предводи војската, да подготви план за битка и воена стратегија, улогата на јавен обвинител итн., кралот кај античките Македонци имал и религиско-магиска функција која, всушност, била и една од најстарите (Проева, 2004, 327-331). Се верувало во неговата полубожествена моќ, па тој морал да ја предводи војската, за да обезбеди успех на бојното поле, во неговата моќ се верувало дури и кога бил мртов, а неговото мртво тело било изложувано пред македонското собрание, за да даде легитимитет на одлуката за избор на наследник. Тој имал обврска, пред секој потфат и по повод верските празници, да принесува жртви во име на народот, па така и по повод овој празник на свечено прочистување на војската, во склоп на својата религиско-магиска функција, тој ја имал честа да стои на чело на свечената церемонија.

Ако се осврнеме на податокот на Полибиј дека „Македонците му принесуваат жртви на Ксантос“, имаме основа да претпоставиме дека празникот, најверојатно, се одржувал во чест на македонски бог, или херој, по име Ксантос. Фактот што празникот се одржувал напролет, во шестиот месец од календарот на античките Македонци *Ксандик* (*Xandikos*), или денешен март, а во антиката месеците обично биле именувани според божествата што се празнувале во тој период од годината,[2] ни дава дополнителна поткрепа за оваа претпоставка.

Во врска со идентитетот на Ксантос и неговите функции, во науката се искажани различни мислења. Според едни научници, станува збор за македонскиот бог на светлината, а според други, за македонскиот бог на војната. На пример, К. О. Милер (K. O. Müller) го идентификува Ксантос со Аполон, во функција на бог на светлината, односно неговиот синоним Фојбос (Müller,1844: I, 304).

Интересна е анализата на германскиот истражувач Х. Јуснер (H. Usener) кој, во своите анализи на идентитетот на Ксантос, воспоставува паралела со прочуената атичка легенда за двајцата кралеви Ксантос и Мелант („Русиот“ и „Црнокосиот“). Оваа легенда ја симболизирала борбата помеѓу светлината и темнината, односно летото и зимата.[3] Тој, во македонскиот бог, кому на празникот

---

[2] Диос (Dios) според врховниот македонски бог Дион (Sebc), артемисиос (artemisios) според божицата Артемида, перитос (peritios) според празникот Перитиа, кога се славело, засега, неидентификувано македонско божество за кое во науката се дадени неколку претпоставки, итн.

[3] Мелант бил владетел на Месенија, но откако бил протеран од страна на потомците на Херакле, пребегал во Атика. Тој претходно ја замолил Питија да му одреди место каде што ќе се насели, а таа му советувала да се

Ксандика му биле принесувани жртви, го препознава истиот тој Ксантос кој, според атичката легенда, бил убиен од Мелант, па оттука, за идентитетот на Ксантос произнесува мислење дека станува збор за македонски бог на светлината, односно зад неговото име се крие Аполон, а празникот Ксантика ја симболизира спротивставеноста на летото и зимата, односно промената на годишните времиња (Usener, 1913: 439-441)[4]. Ова објаснување донекаде се чини прифатливо, со оглед на тоа што, меѓудругото, се совпаѓа и со етимологијата на зборот „xanthos“ (ксантос), што во превод на хеленски јазик значи „жолт, жолтеникав“, па во преносна смисла „светол“.

Други научници сметаат дека за ваквото мислење нема доволно аргументи и зад името Ксантос се крие името на македонскиот бог-заштитник на војската, односно македонскиот Арес, како и дека ваквите церемонии на ритуално прочистување пред битка дури подоцна преминале во годишен циклус на празнување, а нивното првобитно изведување било пред почеток на војна, кога на војниците најмногу им била потребна заштита од боговите (Проева, 2014: 99-100, 210; Nilsson, 1906: 403-408).

Но, за да ги одгатнеме суштината и значењето на празникот Ксантика, неопходно е да направиме паралели со други вакви слични обреди кај соседните балкански етноси како и кај други индоевропски народи. Интересно е што ритуално прочистување на војската, со поминување помеѓу две половини на жртвувано куче, е забележано и кај Хетите (Masson, 1950: 5-25), што укажува на добропознатите врски

---

насели во земјата каде што ќе му понудат животински глава и нозе. Кога дошол во Елеусина, еден свештеник му дал глава и нозе на жртвувано животно. Тогаш му станало јасно дека Атика ќе биде негова татковина. Во тоа време, Атињаните војувале со Тебанците, а бидејќи војната била нерешена, одлучиле да се реши со двобој помеѓу тебанскиот и атинскиот крал. Атинскиот крал Тимет не се осмелил да излезе на двобој и објавил дека ќе ја предаде власта над Атина на оној јунак кој ќе го победи тебанскиот крал Ксантос. Мелант одлучил да се бори наместо Тимет. Кога започнал двобојот, зад Ксантос се појавил војник, вооружен со црна ајгида, всушност, Дионис, кој дошол да им помогне на Атињаните. Со негова помош, Мелант го убил Ксантос со копје. Во знак на благодарност за победата, Атињаните го прогласиле Мелант за крал, на Дионис му подигнале светилиште и востановиле празник Апатурија, кој бил славен на Атика во октомври и станал општонароден празник на сите Јонци (Срејовић – Цермановић, 2004: 253).

[4] Интересна е и анализата на грчкиот истражувач М. Б. Хацопулос (M. B. Hatzopoulos) на оваа аналогија со атичката легенда за Ксантос и Мелант (в.: Hatzopoulos, 1994: 89-92).

и меѓусебните културни влијанија на Македонија и Мала Азија. Сличен обичај постоел и во Спарта. Имено, Паусанија запишал дека од Хелените само спартанските ефеби му жртвувале мало куче на богот Ениалиј, во храмот Фојбајон, бидејќи го сметале за свето животно на „најхрабриот бог“. Тој не чул за други Хелени кои ги сметаат малите кученца за соодветни за жртвени животни, со исклучок на Колофонците, кои принесуваат црно кученце на Енодија. Притоа, и кај спартанските и кај колофонските ефеби, жртвопринесувањето се изведувало ноќе (Paus. III, 9). Исто така, лустрација практикувале и Римјаните како свечено прочистување на гревовите со жртва и преиспитување на совеста. Кај нив е познат латинскиот термин *lustrum* (*луструм*), кој означувал време од пет години, а откако ќе изминел овој период, цензорот приредувал свечена жртва за простување на гревовите и покајување за сиот римски народ. Оттука, кај Римјаните произлегол и терминот *петолетие*, кој означувал точно одреден хронолошки период од една до друга лустрација. Освен тоа, Римјаните го прославувале и празникот Луперкалија кој се одржувал секоја година во месец февруари и претставувал свечена пурификација на градот, во која, меѓу другите жртвени животни, било принесувано и куче (Plut. Qu. Rom, 280b-c, 290d). На крајот од овие примери, би го навеле и спомнувањето на расчеречување на животно на два дела, во митовите на источните народи, што претставувало симболично искажување на победата на пролетта над зимата, па оттука, аналогно, и свечено прославување на симболична победа над непријателот. Овие примери ги потврдуваат заемните културни влијанија кои се случувале во текот на многубројните миграциски процеси како и заедничкиот соживот на соседните етноси на Балканот и пошироко.

При сите овие обреди, идентично на празникот Ксантика, станува збор за кучешки жртви (*sacrificia canina*). Како најстаро припитомено животно, кучето имало посебна улога во животот на луѓето уште од времето на палеолитот. Негови предци биле волкот и чакалот, а се претпоставува дека процесот на неговото припитомување започнал уште кон крајот на последната ледена доба.[5] Како хтонско

[5] Најрани остатоци на куче се пронајдени во горнопалеолитските слоеви на пештерата Пелегавра, во Ирак, од пред околу 12.000 години. Археолошките наоди од времето на неолитот се многубројни. Остатоци од припитомни кучиња се пронајдени на археолошките локалитети на Блискиот и Средниот Исток, во северозападна Европа (Англија и Данска), Русија и Јапонија, но и во Северна и Јужна Америка. Исто така, во археолошкото наоѓалиште со мезолитска населба Власац, на десниот брег на реката Дунав, во

животно, тоа претставувало мошне сложен симбол во светската митологија. Кај старите народи, особено биле изразени неговите демонски функции, поврзани со невидливото царство на божествата, но и на подземниот свет, смртта, рајот и пеколот. Познати се египетскиот Анубис, хеленскиот Кербер итн.[6] Како психопомп, односно придружник на душите во подземниот свет, кучето го познава овој, но и подземниот свет. Дури и во верувањата кај нашиот народ, денес, додека волкот е суштество на ѓаволот, кучето е слуга на Господа. Кучето го распознава доброто од лошото и е заштитник од секакви несреќи, а во народните песни, кога во дворот има куче, дури и чумата на смее да влезе во куќата. Кучето како благословено животно се среќава и во претставите на средновековните фрески, олтарни двери, огради на црковни и манастирски храмови, низ Македонија и соседните земји. Со тоа, кучето е овековечено како вечен пријател на човекот, кој го штити од секакво зло.[7]

Кај античките Македонци, кучето е, очигледно, во врска со македонскиот бог на војната, но и водич на душите во подземниот свет на умрените. Војничкиот карактер на македонската божица Ма,[8] на Балканот посведочена само кај Македонците, е изразен со куче-придружник. Бидејќи друг атрибут на божицата Ма е соларната круна, а од друга страна, „xanhtos“ (ксантос) етимолошки значи „светол“,

---

Ѓердап, откриени се остатоци од канид (вид куче), со преодни особини помеѓу волк и куче, што го потврдува припитомувањето *in situ* од локалната популација волци (Срејовић – Летица, 1978).

[6] Едно од најкомплетните дела за песот во митологијата е книгата на Фреда Кречмар (Kretschmar, 1938).

[7] Овие, како и многу други верувања, поврзани со симболиката на кучето, несомнено укажуваат дека празникот Ксантика оставил свои траги и во подоцнежната македонска традиција, сè до денешно време, но претопено низ христијанските верувања и народните обичаи како што се народните празници Тодорова сабота, Летник, Младенци, Благовештение, Цветници, Лазаровден (Лазарова сабота), Прочка и Велигден. При внимателното проучување на овие народни обичаи, се воочуваат мноштво претхристијански елементи, па не случајно, често се случуваат и одделни реакции на свештени лица за разни отстапувања од христијанските догми.

[8] Култот на божицата Ма, во Македонија, е посведочен со археолошки и епиграфски извори. Освен во Македонија, оваа божица се среќава и во малоазиските области, додека во Хелада, воопшто не е посведочена. Несомнено е дека овој култ бил широко распространет во Македонија, но за сето ова се неопходни понатамошни истражувања, со оглед на тоа што нејзиниот лик, во изворите, е прикриен со т.н. interpretatio Graeca (в.: Проева, 2014: 88-93).

искажано е мислење дека Ксантос е машки пандан на божицата Ма, чиј соларен карактер, со текот на времето, бил потиснат од воениот (Проева, 2014: 99-100). Ова мислење заслужува внимание и поттикнува на понатамошно истражување, бидејќи фрла нова светлина во истражувањето на празникот Ксандика и на божеството Ксандос.

Ако се навратиме на погоренаведените фрагменти за празникот Ксандика, кај античките автори, ќе видиме дека тој се состоел од две одделни ритуални фази. Во првата фаза се изведувало поминувањето на војската, предводена од кралот, меѓу двете половини на жртвуваното куче, додека во втората, се изведувала лажна битка на две завојувани страни, откако војската ќе се поделела на два дела. Вакви слични божемни ритуални битки се среќаваат и на други места. Спартанските ефеби, за кои стана збор погоре, по жртвопринесувањето на куче на богот Ениалиј, приредувале битка помеѓу диви свињи. Се верувало дека, чија дива свиња ќе победи во борбата, таа група имала поголеми шанси да победи во претстојната битка кај Платаниста.[9] Потоа двете поделени групи се бореле меѓусебно (Paus. III, 10). Исто така, кај либиските племиња Махлии и Авсеи, кои живееле околу езерото Тритонида, на празникот во чест на божицата, која Хелените ја идентификувале со Атена, девојките се разделувале во две групи и се бореле меѓу себе со камења и со стапови според обичајот на нивните предци (Hdt. IV, 180; Херодот, 1998: 312).

Оваа миметичка игра, исто како и жртвопринесувањето на кучето, имала лустрациска функција, чија главна цел била психолошка подготовка за претстојната битка. Таа требало, меѓудругото, да го предвиди и исходот од претстојната битка и да биде предзнак за иднината. Потврда за ова наоѓаме и во Плутарховата биографија на Александар III Македонски, кој раскажува за една ваква идентична миметичка воена игра која се одвивала непосредно пред битката кај Гавгамела, во 331 г. пр. н.е.:

*Додека патувале, еден од хетајрите во шега му кажал на Александар дека луѓето што оделе по неговата војска се поделиле на два одреда, па си избрале и водачи, од кои едниот го добил името Александар, а другиот Дареј. Овие почнале да се задеваат, па најпрвин фрлале грутки земја, потоа се степале со тупаници, а најпосле толку се налутиле, што зеле камења и стапови; се собрале толку многу луѓе што не можел никој да ги запре. Кога го чул ова, Александар заповедал да излезат на мегдан само водачите. Лично го*

[9] Платаниста било место така наречено според густите платанови дрвја кои растеле околу него.

*вооружал оној што го носел неговото име, а Филота му дал оружје на божемниот Дареј. Сета војска застанала да го види двобојот, зашто ценеле дека неговиот исход ќе биде и прадзнак за иднината. По жестока битка победил човекот што го нарекле Александар...* (Plut. 31; Плутарх, 208: 138-139).

Во овој фрагмент не се спомнува принесување кучешка жртва и поминување на војската помеѓу нејзините две половини, туку само ритуалот на борба помеѓу две завојувани страни. Има можност авторот да не го спомнал тоа, но истовремено го отвора и прашањето, дали можеби овие два ритуала, во некои случаи, се одржувале независно еден од друг.

***

Од погореизнесеното можеме да заклучиме дека празникот Ксандика несомнено бил еден од најзначајните празници кај античките Македонци. Очигледно е дека тоа бил магиски ритуал на прочистување, односно пурификација на војската, кој со текот на времето добил поширока смисла и симболизирал севозможно прочистување на заедницата. Но, поради малобројните и фрагментарни податоци во изворите, одговорите на многу прашања поврзани со овој празник остануваат на нивото на претпоставките. Останува отворено и прашањето за идентитетот на Ксантос, македонски бог или херој, божество на светлината или на војната, или пак, според нашата претпоставка, божество кое, со текот на времето, добивало преобликувани функции како што е случајот и со многу други божества во светската митологија.

**Извори:**


Curti Rufi Q. 1893. *Historiarum Alexandri Magni Macedonis*, ed. Th. Vogel, Lipsiae.

Herodoti Historiae. 1927. *Recognovit brevique adnotatione critica* instruxit Carolus C. Hude. Ed. Tertia. Oxonii.

Hesychii Alexandrini Lexicon. 1867. Sumptibus Hermanni Dufftii. Libraria Maukiana.

Pausaniae Graeciae Descriptio. 1903. ed. F. Spiro Lipsiae.

Plutarch. Moralia. 1936. with an English Translation by Frank Cole Babbitt. Cambridge. Harvard University Press. London.

Polyibii Historiae. 1961–1963. ed. H. Drexler, Zurich.

Titi Livi Ab urbe condita libri. 1910–1925. Bibliotheca Teubneriana, ed. M. Müller, Lipsiae (Leipzig).

Куртиј Руф, Квинт. 1998. *Историја на Александар Македонски*, „Патрија“, Скопје.

Плутарх. 2008. *Напоредни животописи. Ликови од историјата на древна Македонија*. „Евро Балкан“. Скопје.
Херодот. *Историја*. 1998. „Зумпрес“. Скопје.

**Литература:**

Hatzopoulos, M. 1994. *Cultes et rites de passage en Macédoine*. ΜΕΛΕΤΗΜΑΤΑ 19. Athenes.
Hatzopoulos, M. 1996. *Macedonian institutions under the kings*. A Historical and Epigraphic Study. ΜΕΛΕΤΗΜΑΤΑ 22. Athens.
Kretschmar, F. 1938. *Hundestammvater und Kerberos*, 2 vol., Stuttgart.
Masson, O. 1950. *A propos d'un rituel hittite pour la lustration d'une armée: le rite depurification par le passage entre les deux parties d'une victime.* Revue de l'histoire des religions 137-138.
Muller, K. O. 1844. *Die Dorier*. Breslau.
Nilsson, M. P. 1906. *Griechische Feste von religiöser Bedeutung mit Ausschluss der Attischen*. B. G.Teubner. Leipzig.
Usener, H. 1913. Kleine Schriften. IV Band. *Arbeiten zur Religionsgeschichte*, B. G. Teubner. Leipzig-Berlin.
Проева, Н. 2014. *Религијата на античките Македонци*. Historia Antiqua Macedonica 11, Скопје.
Срејовић, Д. – З. Летица. 1978. *Власац I*, Београд.
Срејовић, Д. – Цермановић А. 2004. *Речник грчке и римске митологије*. Шесто издање. Београд.

СКРАТЕНИЦИ:
Curt. - Curtius
Hdt. - Herodotus
Hes. - Hesychius
Liv. - Livius
Paus. - Pausania
Plut. – Plutarchus
Pol. - Polybius